**Народна банка на Република Северна Македонија**
**Дирекција за статистика**

Скопје, 26 февруари 2021 година

## Соопштение за печат

## Позначајни движења кај останатите финансиски институции[1,2] (ОФИ): четврт квартал на 2020 година

- **Состојбата на вкупните средства на ОФИ, во четвртиот квартал на 2020 година, изнесува 138.692 милиони денари**, што претставува зголемување за 4.607 милиони денари во однос на крајот на претходната година. **Структурата на средствата на ОФИ** укажува дека пензиските фондови и натаму имаат најголемо учество во вкупните средства од 64,6%, по што следуваат средствата на осигурителните друштва со учество од 19,3%.

- **Во овој квартал, остварен е квартален и годишен раст на вкупните средства на ОФИ од 3,4% и 12,8%, соодветно.** Нагорната квартална промена главно е резултат на зголемените средства кај пензиските фондови, како и на останатите потсектори, со исклучок на инвестициските фондови и осигурителните друштва, кои остварија квартален пад. Пензиските фондови се клучен двигател и на годишниот раст, кој во помал обем е надополнет со растот на средствата и на останатите потсектори.

Табела 1. Вкупни средства/обврски на ОФИ[3]

| | Кв.4 2019 | Кв.3 2020 | Кв.4 2020 | Квартални промени | | Годишни промени | | Структура (Вкупно ОФИ) |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | Кв.4 2020/Кв.3 2020 | | Кв.4 2020/Кв.4 2019 | | |
| | *Состојби, во милиони денари* | | | *милиони денари* | *%* | *милиони денари* | *%* | *%* |
| **1. Останати финансиски институции** | **122,921** | **134,085** | **138,692** | **4,607** | **3.4** | **15,771** | **12.8** | **100** |
| 1.1 Осигурителни друштва | 24,863 | 27,045 | 26,803 | -242 | -0.9 | 1,940 | 7.8 | 19.3 |
| 1.2 Пензиски фондови | 77,620 | 84,947 | 89,585 | 4,638 | 5.5 | 11,965 | 15.4 | 64.6 |
| 1.3 Инвестициски фондови | 8,752 | 9,451 | 9,080 | -371 | -3.9 | 327 | 3.7 | 6.5 |
| 1.4 Други ОФИ | 11,685 | 12,642 | 13,224 | 582 | 4.6 | 1,538 | 13.2 | 9.5 |
| 1.4.1 Финансиски друштва | 4,413 | 4,671 | 5,036 | 365 | 7.8 | 624 | 14.1 | 3.6 |
| 1.4.2 Лизинг друштва | 5,657 | 6,182 | 6,309 | 127 | 2.1 | 652 | 11.5 | 4.5 |
| 1.4.3 Друштва за управување со пензиски и инвестициски фондови | 1,616 | 1,789 | 1,879 | 90 | 5.0 | 263 | 16.3 | 1.4 |

Извор: НБРСМ.

---

[1] Во останатите финансиски институции се вклучени: инвестициските фондови, пензиските фондови, осигурителните друштва, друштвата за управување со инвестициските фондови и друштвата за управување со пензиските фондови, финансиските друштва и друштвата даватели на финансиски лизинг.
[2] Во август 2018 година е направена ревизија на податоците за првиот квартал на 2018 година заради примена на нова методологија согласно со новиот Прирачник и новото Упатство за монетарна и финансиска статистика на ММФ од 2016 година. Клучни се две промени. Првата се однесува на промената на третманот на финансиските инструменти деноминирани во денари со валутна клаузула, коишто согласно со новата методологија од категоријата „денари" се прераспределени во категоријата „странска валута". Втората промена е во прикажувањето на исправката на вредноста на финансиските инструменти, којашто наместо во капиталот се прикажува во рамки на категоријата „останати обврски". За повеќе информации види на следнава врска:
http://www.nbrm.mk/content/statistika/informacii/Informacija_za_promeni_vo_monetarnata_statistika_mk.pdf.
[3] За потребите на ова соопштение, во категоријата „Други ОФИ" се опфатени: друштвата за управување со инвестициските фондови и друштвата за управување со пензиските фондови, финансиските друштва и друштвата даватели на финансиски лизинг.

- **Најзначајни инструменти на страна на средствата на ОФИ** се вложувањата во должнички хартии од вредност[4] (учество од 48,8%) и во сопственички хартии од вредност (учество од 23,1%), како и вложувањата во валути и депозити (учество од 14,5%). **Гледано од страна на обврските,** најголемиот дел им припаѓа на техничките резерви на осигурување[5] и на капиталните сметки[6] (учество од 57,5% и 33,9%, соодветно).

Табела 2. Средства/обврски на ОФИ, по потсектори и по финансиски инструменти, кв. 4 2020

| | **Вкупно ОФИ** | | **Пензиски фондови** | | **Осигурителни друштва** | | **Инвестициски фондови** | | **Други ОФИ** | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **состојба (во мил. ден.)** | **учество (во %)** | состојба (во мил. ден.) | учество (во %) | состојба (во мил. ден.) | учество (во %) | состојба (во мил. ден.) | учество (во %) | состојба (во мил. ден.) | учество (во %) |
| **Вкупни средства** | **138,692** | | **89,585** | | **26,803** | | **9,080** | | **13,224** | |
| Валути и депозити | 20,057 | **14.5** | 9,066 | 10.1 | 6,523 | 24.3 | 3,332 | 36.7 | 1,136 | 8.6 |
| Хартии од вредност различни од акции | 67,630 | **48.8** | 53,305 | 59.5 | 10,807 | 40.3 | 2,638 | 29.1 | 881 | 6.7 |
| Кредити | 9,268 | **6.7** | 0 | - | 184 | 0.7 | 9 | 0.1 | 9,075 | 68.6 |
| Акции и останат сопственички капитал | 31,980 | **23.1** | 27,038 | 30.2 | 1,748 | 6.5 | 3,083 | 34.0 | 110 | 0.8 |
| Технички резерви на осигурување | 1,702 | **1.2** | 0 | - | 1,702 | 6.3 | 0 | - | 0 | - |
| Финансиски деривати | 2 | **-** | 0 | - | 0 | - | 2 | - | 0 | - |
| Останати средства | 5,017 | **3.6** | 177 | 0.2 | 4,375 | 16.3 | 16 | 0.2 | 449 | 3.4 |
| Нефинансиски средства | 3,036 | **2.2** | 0 | - | 1,463 | 5.5 | 0 | - | 1,573 | 11.9 |
| **Вкупни обврски** | **138,692** | | **89,585** | | **26,803** | | **9,080** | | **13,224** | |
| Кредити | 7,341 | **5.3** | 0 | - | 93 | 0.3 | 9 | - | 7,239 | 54.7 |
| Технички резерви на осигурување | 79,728 | **57.5** | 63,885 | 71.3 | 15,843 | 59.1 | 0 | - | 0 | - |
| Останати обврски | 4,628 | **3.3** | 36 | 0.0 | 2,565 | 9.6 | 56 | 0.6 | 1,971 | 14.9 |
| Капитални сметки | 46,995 | **33.9** | 25,665 | 28.6 | 8,301 | 31.0 | 9,016 | 99.3 | 4,013 | 30.4 |

Извор: НБРСМ.

- **Гледано по инструменти,** на страната на средствата, главен двигател на кварталниот и годишниот раст се зголемените вложувања во должнички хартии од вредност, при позитивен придонес кон растот и на сопственичките вложувања. Од друга страна, квартално намалување оствариja валутите и депозитите. На страната на обврските, поголем придонес кон кварталниот раст имаат капиталните сметки, при позитивно учество и на техничките резерви на осигурување, додека годишниот раст во најголем дел се должи на повисоките технички резерви на осигурување.

[4] Должничките хартии од вредност (ДХВ) се однесуваат на хартиите од вредност различни од акции согласно со меѓународната класификација на финансиските инструменти, како што е објавено во билансите и прегледите на останатите финансиски институции.
[5] Техничките резерви на осигурување содржат: нето-капитал на домаќинствата во резерви од животно осигурување, нето-капитал на домаќинствата во пензиските фондови и претплатени премии и резерви наспроти книговодственото побарување (неживотното осигурување).
[6] Капиталните сметки ги опфаќаат: сопственичките вложувања, задржаната добивка, добивката од тековната година, општата и посебната резерва и вредносните приспособувања.







Извор: НБРСМ.

## Позначајни движења кај ОФИ, по видови институции

- Во четвртото тримесечје од 2020 година, **вкупните средства на пензиските фондови (задолжителни и доброволни)** бележат раст од 5,5% на квартална основа. Гледано по инструменти, кварталниот раст главно е резултат на зголемените вложувања во должнички и сопственички хартии од вредност, во услови на пад кај валутите и депозитите. Годишната стапка на раст изнесува 15,4% и во најголем дел се должи на поголемите вложувања во должнички хартии од вредност (учество од 65%), при помал позитивен придонес и на вложувањата во сопственички хартии од вредност и на останатите инструменти. На страната на обврските, растот на квартална основа се објаснува со повисоките капитални сметки и технички резерви на осигурување, додека годишниот раст во најголем дел се должи на зголемените технички резерви на осигурување.




Извор: НБРСМ.

- Овој квартал, **вкупните средства на осигурителните друштва**[7], се намалени за 0,9% на квартално ниво, во најголем дел поради намалените побарувања по основ на технички резерви на осигурување по основ на реосигурување, при помал негативен придонес и на останатите побарувања и нефинансиските средства. Во насока на зголемување на средствата влијаеја пласманите во валути и депозити, како и вложувањата во должнички и сопственички хартии од вредност. На годишно ниво, средствата на осигурителните друштва се зголемени за 7,8%, што во најголем дел се должи на растот кај должничките хартии од вредност. На страната на обврските, падот на квартална основа главно се должи на намалените кредити, останати обврски и технички резерви на осигурување. Главен носител на годишниот раст се техничките резерви на осигурувањето.




Извор: НБРСМ.

- Во четвртиот квартал, **вкупните средства на инвестициските фондови**[8,9], бележат квартален пад од 3,9%, кој речиси целосно се објаснува со намалените пласмани во валути и депозити, делумно неутрализиран со повисоките вложувања во сопственички и должнички хартии од вредност. Споредено на годишно ниво, средствата на инвестициските фондови бележат раст за 3,7%, при најголем придонес кон растот на должничките и сопственичките хартии од вредност, а во услови на пад на пласманите во валути и депозити. На страната на обврските, кварталниот пад е воден од намалените капитални сметки на инвестициските фондови, додека на годишно ниво капиталните сметки бележат раст.

---

[7] НБРСМ тековно ја известуваат сите шеснаесет осигурителни друштва коишто се вклучени во регистарот на Агенцијата за супервизија на осигурувањето (АСО), од кои единаесет за неживотно осигурување и пет за животно осигурување.
[8] Во регистарот на Комисијата за хартии од вредност (КХВ), тековно се опфатени шеснаесет отворени и единаесет приватни инвестициски фондови, при што НБРСМ ја известуваат дваесет и четири фонда.




Извор: НБРСМ.

- На крајот на декември годинава, **вкупните средства на другите ОФИ**[10,11], забележаа зголемување на квартална и годишна основа од 4,6% и 13,2%, соодветно, како резултат на зголемената кредитна активност на финансиските друштва и друштвата – даватели на финансиски лизинг. Кредитната активност на финансиските и лизинг друштвата на крајот на 2020 година, изнесува 9.073 милиони денари, при остварен квартален и годишен раст од 5,7% и 14,4%, соодветно. Главен двигател на растот по двете основи е кредитната активност на финансиските друштва, при позитивен, но помал придонес кон растот и на лизинг друштвата. На страната на обврските, кварталната и годишната промена се објаснува со повисоките обврски врз основа на земени кредити (претежно во странска валута) и зголемените капитални сметки.




Извор: НБРСМ.

[10] Почнувајќи од првиот квартал на 2014 година, вклучени се податоците за новите известувачи финансиските друштва и друштвата даватели на финансиски лизинг. Во податоците тековно се опфатени дваесет и четири финансиски друштва и седум друштва даватели на финансиски лизинг.

[11] Во четвртиот квартал на 2017 година во сериите податоци е вклучено ново финансиско друштво (штедилница којашто се пререгистрира во финансиско друштво), промена којашто има влијание врз годишните стапки на промена.

**Народна банка на Република Северна Македонија**
**Дирекција за статистика**

***

## Ревизии на податоци

Податоците за движењата кај ОФИ во ова соопштение содржат ревизии на податоците за третиот квартал на 2020 година, поради добивање нови, коригирани информации и податоци од известувачите. Овие ревизии не предизвикаа значителни промени кај претходно објавените податоци и главно произлегуваат од подобрениот опфат и квалитет на известувањата.

## Придружни информации

Временски серии податоци: Квартални податоци за средствата и обврските на финансиските институции http://nbrm.mk/ns-newsarticle-bilans-i-pregledi-na-finansiskite-institucii-kvartalni-podatoci.nspx

Методолошки објаснувања:
http://nbrm.mk/content/statistika/Monetarna%20statistika/metodologija/Metodologija_monetarna_07_2018_mak.pdf

Информација за методолошки измени во монетарната статистика, статистиката на останатите финансиски институции и статистиката на каматните стапки: http://www.nbrm.mk/content/statistika/informacii/Informacija_za_promeni_vo_monetarnata_statistika_mk.pdf

Следни објавувања: Календар на објавување податоци
http://www.nbrm.mk/content/statistika/kalendar/Kalendar_na_objavuvanje_podatoci.pdf

Квартални податоци за средствата и обврските на финансиските институции: 28 мај 2021 година (референтен пресек заклучно со прв квартал на 2021 година).

За новинарски прашања, ве молиме контактирајте со лицата од Кабинетот на гувернерот.

За подетални информации во врска со објавените статистички податоци, побарајте нè на: contact.statistika@nbrm.mk или на телефонскиот број 02 3215 181 локал 116 (или 112/ 110/ 108).